**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-224/9**

**Скопје, 07.06.2007 година**

**ДО**
**СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања на Република Македонија, на сметката Приходи од донации – УНХЦР кои се прикажани на страниците од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања на сметката Приходи од донации – УНХЦР, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:

   - Радмила Шекеринска, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања до 11.09.2006 година,
   - Габриела Коневска Трајковска, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања од 12.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 13.04 до 16.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања, на сметката Приходи од донации – УНХЦР, вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 06/06/2007 година** **Овластен државен ревизор**



***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

## Донација од УНХЦР
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 294 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **294** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 239 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | **239** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **55** | **0** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**Секретаријат за европски прашања**
**Донација од УНХЦР**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 55 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **55** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **55** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 55 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **55** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **55** | **0** |


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------